# Кој ќе насочи на добро, ќе има иста награда како и оние што го прават тоа

Од Ебу Месуд ел Енсари, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Дојде еден човек кај Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и му рече: "Животното кое го јавав, настрада, па дај ми друго!" Пратеникот му рекол: „Немам што да ти дадам“. Потоа се појави друг човек, велејќи: „Алахов пратенику, ќе го упатам кај некој што ќе му даде.“ Аллаховиот пратеник тогаш рече: „Кој ќе насочи на добро, ќе има иста награда како и оние што го прават тоа.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Кај Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дошол некој човек и му рекол: "Моето животно за јавање настрада, дај ми друго животно, кое ќе ме носи." Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му се извини и му кажа дека нема такво нешто, тогаш друг човек кој беше присутен кажа: „О, Аллахов пратенику, јас ќе го упатам каде може да добие животно за јавање.", а Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му кажа дека тој ќе биде награден како и оној што ќе го даде животното за јавање, и ќе имаат иста награда, бидејќи овој првиот го насочил човекот со потреба кон другиот кој таа потреба може да му ја обезбеди.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5354

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee